Приватна високообразовна установа
- Висока стручна школа
ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА
Бр. 02-419/1
03.09. 2019 год.
СКОПЈЕ

# *РЕФЕРАТ*

## *ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ВО ОБЛАСТА НА ФИНАНСИСКИ МЕНАЏМЕНТ НА ПРИВАТНАТА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА-ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ*

Со Одлука бр. 02-378/1 донесена на седница на Наставничкиот совет на Приватната високообразовна установа-Високата стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје, одржана на 09.07.2019 година, определени сме за членови на Рецензиона комисија за избор на еден наставник во сите наставни звања во областа на Финансиски менаџмент.

Јавниот конкурс за избор на еден наставник во сите наставни звања во областа на Финансиски менаџмент беше објавен во дневниот весник „Независен" од 29.06.2019 год. и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат, д-р Адријана Булевска Зариќ, доктор на економски науки.

Членовите на рецензионата комисија, согласно Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во звања на Приватната високообразовна установа-Високата стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје, а во врска со објавениот конкурс за избор еден наставник во сите наставни звања во областа на Финансиски менаџмент, врз основа на приложената документација на Наставничкиот совет му го поднесуваат следниот

## **ИЗВЕШТАЈ**

**Биографски податоци**

Д-р Адријана Булевска Зариќ е родена на 07.05.1986 година во Скопје, Република Македонија. Средно образование завршува во СУГС Гимназија "Јосип Броз Тито"-Скопје.

Во академската 2004/2005 година се запишува на Универзитетот Шефилд, во Солун, Р.Грција, каде што дипломира во јуни 2007 година и се стекнува со звањето дипломиран економист, насока сметководство и финансии. Просек од додипломските студии, според официјалното рангирање на Универзитетот Шефилд е 71,094, што се смета за највисоко ниво на просек, со ранг Класа 1 Истакнат (Honor.) Споредбено, просек од 71.094 е еквивалентен на просек 9.

Во академската 2007/2008 година се запишува на последипломски студии на Европскиот Центар за Мир и Развој при Универзитетот на Обединети Нации, во Белград, Р.Србија на насока последипломски студии по финансиски менаџмент. На 09.07.2011 година успешно го одбрани магистерскиот труд со наслов „Фактори за имплементирање на преодно финансирање и ризичен капитал како финансиски опции во Македонија ", со што се стекна со звање магистер по економски науки. Последипломските студии ги завршува со просек 9,357.

Во септември 2011 година на Европскиот Центар за Мир и Развој при Универзитетот на Обединети Нации, во Белград, Р.Србија пријавила изработка на докторска теза под наслов "Влијанието на финансирање со ризичен капитал на пазарниот раст". На 29.10.2016 година, успешно го одбрани докторскиот труд под горенаведениот наслов и се стекна со научен степен доктор на економски науки.

По завршувањето на додипломските студии, д-р Адријана Булевска Зариќ работи како сметководител и финансиски консултант во приватниот сектор. Од 2011 година, ангажирана е како помлад соработник – истражувач (помлад асистент) на Приватниот НАУЧЕН ИНСТИТУТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје, директно ангажирана во наставно-образовниот процес и научно-истражувачката дејност на горенаведената институција.

**<u>Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност</u>**

Во јули 2012 година д-р Адријана Булевска Зариќ избрана е во наставно звање предавач во областа на Сметководство, Сметководствен менаџмент и Финансиски

менаџмент на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје. Оттогаш до 2015 година д-р Адријана Булевска Зариќ активно ги извршува педагошките обврски за предметите Основи на сметководство, Менаџерско сметководство 1 и Менаџерско сметководство 2 на првиот циклус стручни студии на високообразовната установа.

Во 2011 година избрана е во соработничко звање помлад соработник – истражувач (помлад асистент) на Приватниот НАУЧЕН ИНСТИТУТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје.

Д-р Адријана Булевска Зариќ има напишано и објавено повеќе научни/стручни трудови, а во последните 5 години ги има објавено следните рецензирани научни и стручни трудови:

1. Bulevska Zarkj A., Gjozinska B. (2019). **Business Support Measures in EU Pre-Accession Period: Expectations for the Republic of North Macedonia** , 1st International Conference on Sustainable Development in Business and Economics, Integrated Business Institute/Integrated Business Faculty, Skopje.
2. Gjozinska B., Bulevska-Zarikj A. (2018), **Importance of mineral oils excise duties for climate policy: a comparative approach of the Macedonian and EU regulation for excise duties on mineral oils Proceedings,** 7th International Conference, CLIMATE CHANGE, ECONOMIC DEVELOPMENT, ENVIRONMENT AND PEOPLE CONFERENCE, Vizion University, Gostivar.
3. Bulevska-Zarikj A., Gjozinska B. (2018), **Challenges for human rights in financial sector in Republic of Macedonia**, Proceedings, 1st International Conference, Security, political and legal challenges of the modern world, "St.Kliment Ohridski" University–Bitola, Faculty of Security–Skopje and Faculty of Law-Kicevo.

4. Bulevska-Zarikj A., Gjozinska B., Bulevski I. (2018), **Challenges and Perspectives of Regulating Accounting Profession in the Republic of Macedonia**, Journal for Sustainable Development, volume 8, issue 19, Integrated Business Faculty, Skopje.

5. Gjozinska B., Bulevska A. (2014), **Challenges of innovative management in developing economies: Case study of Macedonia**, *Proceedings of the International Conference SMS-e Development and Innovation,* Ohrid.

6. Bulevska A., (2014), **Determinants of the relationship between venture capital and economic growth**, Proceedings, 2nd International PhD Conference, University of Macedonia, Thessaloniki, Greece.

7. Bulevska A. (2014), **The role of venture capital financing in promoting sustainable development**, Journal for Sustainable Development, volume 5, issue 8-9, Integrated Business Faculty, Skopje.

8. Bulevska A. (2014), **Can economic growth be enhanced by venture capital employment?**, Journal for Sustainable Development, volume 5, issue 10, Integrated Business Faculty, Skopje.

Има учествувано на повеќе меѓународни конференции и настани, од кои позначајни во последните 5 години се:

- 1st International Conference on Sustainable Development in Business and Economics, Integrated Business Institute/Integrated Business Faculty, Skopje.
- 7th International Conference, CLIMATE CHANGE, ECONOMIC DEVELOPMENT, ENVIRONMENT AND PEOPLE CONFERENCE, 2018, Struga.
- 1st International Conference, Security, political and legal challenges of the modern world, 2018, Bitola.
- International Conference SMS-e Development and Innovation, 2014, Ohrid.
- 2nd International PhD Conference, 2014, Thessaloniki, Greece.

**<u>Учество во проекти</u>**

Истражувач во научно-истражувачки меѓануроден проект во рамките на Еразмус + програмата, насловен **"Innovative Strategic Partnership for European Higher Education"(ISPEHE)** (јануари 2015-декември 2016).

Во процесот на самоевалуација на Факултетот за бизнис економија и на Институтот за бизнис економија, во перидот 2011-2015 година и во двете институции, согласно извештаите за самоевалуација и документацијата од процесот, д-р Адријана Булевска Зариќ позитивно е оценета во сите сегменти на евалуацијата, направена согласно Упатството за самоевалуација на институциите. Од овој процес може да се констатира одговорноста и посветеноста на д-р Адријана Булевска Зариќ во извршување на педагошката дејност.

Доколку ги квантифицираме вредностите на работните обврски и ангажманот на д-р Адријана Булевска Зариќ, согласно одредбите на Законот за високото образование, како и внатрешните акти на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА-Скопје, д-р Адријана Булевска Зариќ е оценета со 132 поени, за периодот од 2014 до 2019 година, за што во прилог на оваа рецензија има табеларен приказ.

Имајќи го предвид погоре наведеното на Наставничкиот совет му го даваме следниот:

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно Законот за високото образование, внатрешните акти на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје и доставената документација од кандидатката, рецензионата комисија заклучи дека д-р Адријана Булевска Зариќ има потенцијал за вршење на педагошка и високообразовна дејност, има повеќегодишно работно искуство во

научно-истражувачката дејност и високото образование, како и афинитети за истражувачка и наставно-образовна дејност. Оттука, може да оцениме дека д-р Адријана Булевска Зариќ има потенцијал да биде вклучена и да напредува соодветно во високообразовната дејност што се реализира на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА-Скопје во областа на Финансиски менаџмент.

Затоа, според претходно наведеното, комисијата смета дека се исполнети законските услови и на Наставничкиот совет на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје му предлагаме да го прифати овој извештај и да ја избере д-р Адријана Булевска Зариќ во наставно звање **предавач во областа на Финансиски менаџмент.**

**РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА:**

1. д-р Крсте Шајноски, виш научен соработник/вонреден професор, претседател
2. д-р Марија Гогова Самоников, вонреден професор, член
3. д-р Жанина Кировска, професор, член